ЈП МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ"
Бр. 02-998/4
16.08.2019 год.
СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работењето во период од 01.07 до 31.12.2018 година

Скопје. Јули 2019 година

Со работењето во второто полугодие од 2018 година МРД евидентираше позитивен финансиски резултат - добивка од редовно работење во износ од 72,636,519,00 денари, како разлика помеѓу реализираните вкупни приходи и расходи.

Во текот на периодот остварен е вкупен приход во износ од 153,183,445,00 денари. Вкупните расходи во истиот период изнесувале 80,546,926,00 денари.

Анализата на условите за работење во третиот и четвртиот квартал, остварените приходи, реализираните расходи, основите за настанатите трошоци и на можностите за нивно редуцирање укажуваат на следното:

МРД во анализираниот период од двата основни извори на приходи од кои се финансира работењето евидентирала приход во износ од 123,682,102,00 денари, од кои 93,81% отпаѓаат на приходи од буџет- субвенции за финансирање на радиодифузната дејност.

МРД во второто полугодие од 2018 година од истите извори на приходи ( субвенции за финансирање на радиодифузната дејност и закупнини ) реализира приход во висина од 43.27% од проектираниот приход за 2018 година.

МРД во моментот се соочува со изразен генерален недостиг на инженерски и техничарски кадар, како и на друг кадар во делот на логистиката. Особено недостигот на овој кадар доага до израз во делот на менаџирање со новата опрема во дигитална технологија со очекуваниот поизразен одлив на носечкиот и искусен стручен кадар со заминување во пензија

## ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во текот на периодот второ полугодие од 2018 година МРД реализира вкупни приходи во висина од 153,183,445,00 денари.

Споредени со проекцијата за 2018 година вкупните приходи се реализирани со 42,72%. Вкупните приходи потекнуваат од повеќе, различни извори, реализирани делумно како наплатени средства, но во дел се фактурирани, односно евидентно прикажани.

## 1/1 ПРИХОД ОД СУБВЕНЦИИ преку МИОА

Средствата за финансирање на радиодифузната дејност во текот на третиот и четвртиот квартал од 2018 година се обезбедени преку шест еднакви месечни трансфери по основ на субвенции за финансирање на радиодифузната дејност во вкупен износ од 116,025,000,00 денари. Трансферите на средствата од Буџетот на РМ се извршени преку сметка на МИОА.

## 1/2 ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ

Од други извори на приходи во текот на второто полугодие од 2018 година реализирани се вкупни приходи во износ од 37,158,419,00 денари, во дел како ликвиден прилив на средства, но во значителен дел како пресметан, фактуриран или евидентиран приход.

По основ на закуп на деловен простор фактуриран е износ 7,657,102,00 денари што е пониско за 30,48% во споредба со искажаниот податок во истиот период од 2017 година.
Сметководствено се искажани приходи со одложено признавање за набавената опрема од Проектот ДВБ-Т. По овој основ евидентиран е приход во износ од 20,277,749,00 денари.

МРД во текот на второто полугодие од 2018 година по основ на наплатена камата на трансакциската сметка на која се водат денарските депозити во Прокредит банка АД Скопје оствари прилив и евидентираше приход во износ од 1,119,905,00 денари. Во второтот полугодие МРД евидентираше и 26,00 денари приходи од позитивни курсни разлики.

МРД накрајот од четвртиот квартал од 2018 година по основ на наплатени отпишани побарувања по основ на РДТакса има искажано приход во висина на пристигнатиот прилив во текот на целата 2018 година, во износ од 8,103,662,00 денари.

## ВКУПНИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Во функција на извршување на севкупните активности на МРД во текот на второто полугодие од 2018 година направени се расходи во износ од 80,546.926,00 денари. Споредени со планираните, расходите во текот на второто полугодие од 2018 година се реализирани со 22,75%.

Неспорен е впечатокот дека со ангажирање и трошење на средствата во МРД се раководи од принципите на рационалност, економичност, висок степен на усогласеност со реалните потреби и почитување на финансиските можности.

| | Група трошоци | VII- XII 2018 год. | Финансов План 2018 | VII- XII 2017 год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | *Трош. за суровини.материјали.енергија. рез. дел* | *17.66%* | *22.56%* | *9.23%* |
| 2 | *Трошоци за услуги од тековни потреби* | *7.66%* | *12.93%* | *7.55%* |
| 3 | *Плати и надомести од плата* | *30.27%* | *26.83%* | *19.34%* |
| 4 | *Трошоци за амортизација* | *26.49%* | *22.60%* | *29.60%* |
| 5 | *Останати трошоци од работењето* | *14.01%* | *14.09%* | *3.34%* |
| 6 | *Останати расходи од работењето* | *0.22%* | *0.25%* | *1.19%* |
| 7 | *Вредносно усогласување* | *3.58%* | *0.71%* | *29.72%* |
| 8 | *Финансиски расходи* | *0.02%* | *0.03%* | *0.04%* |
| | ВКУПНО | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

2/1 ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

Анализата на вкупните расходи потврдува дека расходите од групата Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови, се остварени под очекуваната динамика, што е логично со оглед на реалните потреби и реалната динамика на реализација на зафатите во мрежата од аспект на услови за работа.

Групата трошоци за суровини, материјали, енергија. резервни делови и ситен инвентар опфаќа мошне значајна категорија на расходи во извршувањето на дејноста на МРД. Тоа се расходи кои учествуваат во значителен соодност во вкупните расходи на работењето на МРД. Во анализираниот период од 2018 година реализирани се во износ од 14.224.364.00 денари, за 10.94% повисоко во однос на реализираните во споредбениот период и со 17.80% во однос на проектираните со Годишната Програма за работа и развој за 2018 година.

Трошоците за суровини, материјали, енергија, резервни делови ангажираат 17.66% од вкупните расходи.

*401* *Трошоци за материјали* - Вкупната реализација на целата група изнесува 372,364,00 ,денари. Во однос на планот реализирана е со 9,46%,.

*403 Трошоци за енергија* ( гориво, електрична енергија и трошоци за затоплување на простор ) - трошокот е во функција на технолошкиот процес и одржувањето на системите. Вкупниот трошок од 13.548.797.00 денари по овој основ претставува за 18.26% повисока реализација во однос на истата од референтниот период 2017 година, и 41.30% реализација во однос на планираното со Програмата за работа и развој за 2018 година.

*405 Трошоци за резервни делови и материјали за сервисирање* - по основ на резервни делови и материјали за сервисирање ( електричен и технички материјал и материјали за поправка и одржување ) во текот на четвртиот квартал потрошени се 282.801.00 денари. Во однос на реализацијата од 2017 година трошокот е понизок за 57.67%. Пониската реализација пак во однос на планираното значи дека потребата од користење на ваквите материјали сеуште не е актуелна и реално се очекува трошокот да се зголеми во наредните периоди.

2/2 ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ ОД ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ

Групата Трошоци за услуги од тековни потреби опфаќа позиции кои се значајни за обавување на тековните функции на МРД ( транспортни услуги, поштенски и телефонски услуги, услуги на заштита и одржување, наеми, комунални и останати услуги ). Во текот на четвртиот квартал од 2018 година МРД бележи вкупен трошок на групата од 6,249,960,00 денари. Споредено со проектираните потрошени се 7,95%. Споредено пак со референтниот период реализацијата е пониска за 53,87%. Трошокот за услуги од тековни потреби ангажира 7.66% од вкупните расходи на МРД.

| | План 2018 | Реализација 2018 01.07-31,12.2018 | Структура 2018 | Реализација 2017 01.07-31,12.2017 | Структура 2017 | 2018/2017 | plan/ostvar 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 3,655,000 | 115.823 | 1,85 | 106.857 | 1.02 | 8.39 | 3.16 |
| ПОШТЕНСКИ ТЕЛЕФОНСКИ И ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ | 1,520,000 | 443.379 | 7.09 | 519.553 | 4.96 | -14.66 | 29.16 |
| НАДВОРЕШНИ УСЛУГИ | 166,000 | 5.700 | 0,09 | 0 | 0,00 | 0,00 | 3.43 |
| УСЛУГИ ЗА ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ | 35,848,000 | 3.090.379 | 49.45 | 7.660.325 | 73.10 | 40.34 | 8.62 |
| НАЕМНИНИ - ЛИЗИНГ | 2,400,000 | 1.550.883 | 24,82 | 1.448.258 | 13.82 | 7.086 | 64.62 |
| КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1,320,000 | 819.052 | 13.10 | 601.800 | 5.75 | 36.10 | 62.04 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 872,000 | 224.744 | 3.60 | 141.888 | 1,35 | 58.39 | 25.78 |
| | 45,781,000 | 6.249.960 | 100.00 | 10.478.681 | 100.00 | | |

*410 Транспортни услуги* - трошокот од 115.823.00 денари претставува повисока реализација од истата во референтниот период за 8,39%

411 Поштенски телефонски и интернет услуги се реализирани во вкупен износ од 443,379,00 денари. Трошокот е релизиран за 14,66% пониско во однос на референтниот период.

412 Надворешни услуги сервис на уреди се реализирани во износ од 5,700,00 денари

413. Услуги за заштита и одржување- на позицијата 413 се еоидентираат услугите нз одржување на компјутерите. копир апаратите. телефонската централа софтверските пакети со кои МРД располага, веб страницата, возилата на возниот ларк. поправки на инструменти и уреди, како и услугите за обезбедување на имот. Трошокот од 3,090,379,00 денари претставува пониска реализација од истата во референтниот период за 59,66,00%

*414 Наем - пизинг* - МРД располага со сопствен простор на повеќе локации На дел од локациите каде нема сопствени објекти зз сместување иа олрема користи простор под наем. Такви се локациите на Водно ( Планинарско друштво ), Љубаш - Кавадарци ( РА Кавадарци ), Трескавец ( Манастир Св Богородица ) . Коњско ( приватен имот ), Македонска Каменица, Пожар и за истите плаќа соодветен надоместок. Вкупниот износ на наем-закуп и колокација за второто полугодие од 2018 година изнесува 1,550,883,00 денари. Во однос на реализацијата од 2017 година трошокот во 2018 е реапизиран за 7,086% повисоко.

415 Комунални услуги - Вкупните комунални услуги се реализирзни во износ од 819,052,00 денари Споредено со референтниот период реализицијата е за 36,10% повисоко.

419 Останати услуги - Вкупниот трошок од 224,744,00 денари претставува реализација повисока за 58,39% 'во однос на референтниот период ( регистрација на нови возила возила и објава на огласи за јавни набапки).

**2/3 ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци во второто полугодие се реализирани во износ од 24,116,155,00 денари Во однос на планираните за 2018 година истите се реализирани со 12,60% додека во однос на референтниот период се пониски за 9.24%. Целата група ангажира 30.27% од вкупните трошоци на МРД остварени во периодот.

По основ на бруто плати и надоместоци { придонеси и персонален данок ) пресметан е вкупен износ од 24.116.155,00 денари {16.338.231.00 денари нето плата,7,777,924,00 денари персонален данок и придонеси, 267.482.00 надоместоци )

| | основ | Реализација vii-XII2018 год. | Структура % | Реализација vii-XII2017 год. | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *Нето плата* | 16.338.231,00 | 67.75 | 18.014.394.00 | *67.79%* |
| 2 | *Персонален данок* | 1.262.783.00 | 5.24 | 1.383.861,00 | *5.21%* |
| 3 | *Придонес за Пенз. инвалидско осиг.* | 4.343.417.00 | 18.01% | 4.783.157,00 | *18.00%* |
| 4 | *Придонес за здравство* | 1.761.514,00 | 7.30% | 1.939.858,00 | *7.30%* |
| 5 | *Придонес за вработување* | 289.546,00 | 1.20% | 318.862.00 | *1.20%* |
| 6 | *Дополнителен придонес за здравство* | 120.664,00 | 0.50% | 132.881.00 | *0.50%* |
| | ВКУПНО | 24.116.155.00 | 100.00% | 26.573.013,00 | 100,00% |

Оптовареноста на платите со даноци и придонеси во текот на второто полугодие од 2018 година изнесува 32,25%.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Нето плата* | 16.338.231.00 | *67.75%* | | 18.014.394,00 | *67.79%* |
| Придонеси и даноци | 7.777.924.00 | 32.25% | | 8.558.619.00 | 32.21% |

Вкупно пресметаните нето плати во второто полугодие од 2018 година изнесуваат 16,338,231,00денари. Во однос на платите пресметани за 2017 година се пониски за 9,24%. Просечната месечна нето плата во периодот од 2018 година изнесува 24,312,00 денари, наспроти просечната месечна нето плата пресметана во референтниот период од 2017 година, кога изнесувала 23,829,00 денари. Пресметката се однесува на просечно 112 вработени { во 2017 година 126 ).

**2/4 ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА**

Пресметаната амортизација на средствата со кои располага МРД за второто полугодие од 2018 година изнесува 21,340,472,00 денари. Споредено со планираната за 2018 година пресметаната амортизација ангажира 30,47%.

Пресметаната амортизација во вкупните расходи учествува со 26,49% и преставува значајна расходна позиција. Со оглед дека најголемиот дел на активната опрема на која се пресметува амортизација е ново набавената ДВБ-Т опрема набавена со средства од Буџетот на РМ. на пресметаната амортизација на оваа опрема и се спротивставени приходи во вкупна вредност

од 20,277,749,00 денари. Разликата до 21,340,472,00 денари претставува амортизација пресметана на постојната опрема набавена со сопствени средства за ревитализација на ФМ сигналот и процесирачката опрема.

## 2/5 ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Вкупната вредност на останатите трошоци од работењето во текот на периодот од 2018 година изнесува 11,280,808,00 денари. Споредено со референтниот период од2017 година оваа група на расходи е повисоко реализирана со индекс 243,23( % повисоки позиции надомести на трошоци на вработените за 4764,22 индекс ( исплатена отпремнина за пензионирање за 5 вработени , осигурување на имот, додека во однос на планираните за 2018 година реализирани се со 89,25%. Вкупните останати трошоци од работењето учествуваат во вкупните расходи со 14,01%.

| | план2018 | реализација 07-12/2018 | Структура 2018 | реализација 07-12/2017 | Структура 2017 | реализација 2018/план 2018 | реализација 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 49,871,000 | 11,280,808 | 100 | 4,637,935 | 100 | 22,62 | 143,23 |
| ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА НОЌЕВАЊЕ И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 6,915,000 | 699,168 | 6,20 | 849,479 | 18,32 | 10,11 | -17,59 |
| НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ И ПОДАРОЦИ | 684,000 | 224,871 | 1,99 | 4,720 | 0,10 | 32,88 | 4,664,22 |
| ТРОШОЦИ ЗА НАДОМЕСТ И ДРУГИ ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР | 1,550,000 | 859,223 | 7,62 | 995,981 | 21,47 | 55,43 | -13,73 |
| ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 700,000 | 41,047 | 0,36 | 74,922 | 1,62 | 5,86 | -45,21 |
| ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 20,670,000 | 1,197,169 | 10,61 | 186,770 | 4,03 | 5,79 | 540,99 |
| БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 100,000 | 30,390 | 0.27 | 120,248 | 0,81 | 30,39 | -33,56 |
| ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ ЧЛАНАРИНИ И ДР.ДАВАЧКИ | 1,080,000 | 211,811 | 1,88 | 392,103 | 3,92 | 19,61 | -45,98 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО | 18,172,000 | 8,017,129 | 71,07 | 2,013,712 | 45,58 | 44,12 | 298,13 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 2,500,000 | 2,879,757 | 3.58 | 41,271,821 | 17.27 | 15,19 | 6,98 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 900,000 | 173,496 | 0.22 | 1,654,219 | 0.69 | 19,28 | 10,49 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 100,000 | 14,431 | 0.02 | 51,393 | 0.02 | 14,43 | 28,08 |

*440 Дневници за службени патувања ноќевање и патни трошоци* - по основ службени патувања во земјата во текот на првото полугодие од 2018 година реализиран е вкупен трошок од 699,168,00 денари, 17,69% помалку во однос на реализираните во референтниот период и 10,11% во однос на планираните.

*442 Трошоци за надомест и др. примања на членови на управен и надзорен одбор* - во текот на второто полугодие од 2018година по основ надоместоци и други примања на членовите на органите на управување и надзор пресметани се на име на месечни паушали и надоместоци вкупно 859,223,00 денари, што изнесува за 13,73% помалку во однос на истиот период 2017 година односно 55,43% во однос на годишната проекција. Вкупно исплатените износи се во рамки на планираните.

*444 Трошоци за репрезентација* – трошокот изнесува 41,047,00 денари. Споредено со планираниот трошок реализацијата ангажира 5,86% и се однесува на репрезентација за кабинетот на Директорот.

*445 Трошоци на осигурување* - групата опфака осигурување на превозните средства при регистрација, осигурување на вработените од повреди на товар на средствата на МРД и патничко осигурување, како и осигурување на имотот објектите, фм и процесирачката опрема. Реализиран е трошок од 1,197,169,00 денари, за осигурување на имотот и превозните средства, што е за 540,99% повисоко во однос на референтниот период. Споредено со планот реализирани се 5,79%.

*446 Банкарски услуги и трошоци на платен поомот* - вкупниот трошок на групата изнесува 30,390,00 денари и е понизок во однос на споредбениот податок од 2017 година, но во рамки на проектираниот. Намалувањето се должи на воведеното електронско плаќање на обврските преку трансакциска сметка.

447 Даноци кои не зависат од резултат чланарини и др. трошокот од 211,811,00 денари искажан по овој основ се однесува за такса за улично осветлување и истиот е понизок во однос на референтниот период за 45,98% а е во рамки на проектираниот износ за 2018 година.

*449. Останати трошоци од работењето* - по овој основ потрошени се 8,017,129,00 денари, во однос на планираните реализирани се со 44,12%, повисоко во однос на реализацијата во референтниот период од 2017 година за 298,13%. Позначајни позиции на кои се однесува искажаниот трошок се: адвокатски и нотарски услуги, договор за дело и трошоци за ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања, трошоци за стручна литература, весници, списанија.

## 2/6 ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Оваа група на трошоци е со реализација од 173,496,00 денари ангажира 0,22% од износот на вкупните трошоци на МРД во второтот полугодие од 2018 година.

### 2/7 ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Севкупните каматни задолжувања за МРД претставуваат оптоварување со трошок од 14,431,00 денари и се последица на задоцнети плаќања на обврските за електрична енергија, топлинска енергија и сл. Оваа група на трошоци ангажира 0,02% од износот на вкупните трошоци на МРД во второто полугодие од 2018 година. Овие расходи се пониски во однос на референтниот период од 2017 година.

## СОСТОЈБА НА КАДРИТЕ

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос со состојба на 31,12,2018 година изнесува 114 лица. На почетокот на полугодието бројот на вработени изнесувал 128 лица.
Просечниот број на вработени врз основа на кадровската евиденција за состојбата на бројот на вработените на крајот на месец декември изнесува 114.

Претпријатието во анализираниот период од второто полугодие ги реализира најголемиот дел од планираните тековни активности. Едновремено МРД реализира и низа на зафати во функција на отстранување на дефекти и прекини во преносот на програмите на ЈРП МРТ. кои настануваат непредвидено, но чие отстранување се реализира како приоритетна активност.

Во текот на периодот отпочнати се подготвителните активности за реализација или се во тек на реализација повеќе постапки за јавни набавки. особено во делот на инвестиционото одржување на објекти. инфраструктура и уреди .

Претседател на Управен Одбор
м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ